Година 2003, октомври , број 10

# *Ф А К У Л Т Е Т С К И*

# *И Н Ф О Р М А Т О Р*

---

## ВРЕМЕ НА АКТИВНОСТИ

Време на максимален интезитет на активностите на факултетот. Наставата трае веќе еден месец и наскоро ќе уследи пополнувањето на писмените извештаи за нејзиниот тек. Континуирано со неа мора да се одвиваат и соодветните форми на континуирана проверка на знаењата.

Влеговме во процес на изготвување на унапреден концепт на студиите на Машинскиот Факултет.

Времето во кое работиме и живееме, како и активностите кои ги превземаме бараат цело ангажирање на сите капацитети со кои располагаме.

Можноста да сториме многу за нашите студенти, за факултетот и за нас е во нашите раце. Да ја искористиме.

## ТЕМПУС

Потсетуваме дека се наближува крајниот рок за аплицирање за Темпус европски здружени проекти. Тоа е 15.12.2003

## СРЕДБА

Ве известуваме дека во петок, 31.10.2003 со почеток во 11.00 часот во амфитеатарот г-дин Мајк Зафировски, претседател и главен оперативен директор на Motorola, Inc ќе оствари средба со академски институции од нашава земја.

На неа ќе го презентира своето искуство во градењето на својата кариера и успехот на компаниите со кои раководел (General Electric i Motorola).

## ДОКТОРСКИ ДИСЕРТАЦИИ

На 23.10.2003 година, м-р ***Глигорче Вртаноски***, асистент на Машинскиот Факултет, ја одбрани својата докторската дисертација под наслов: *" Истражување и развој на носечки структури од полимер бетони кај металорезачките машини "*

***Искрени честитки и желби за понатамошно напредување во кариерата***

## ГРАН ПРИ НА МАКИНОВА 2003

На штотуку завршената манифестација МАКИНОВА 2003, асс. д-р ***Глигорче Вртаноски***, и проф. д-р ***Владимир Дуковски*** добија гран при пехар за пронајдокот: *"Состав и постапка на добивање на полимерен бетон за примена кај носечки структура на машините "*

## П Е Н З И Ј А

Во пензија заминуваат проф. д-р Радојка Јосифовска, дипл. правник Лилјана Мирчевска и Љубица Хаџи-Ристова.

***Искрени честитки и пријатни пензионерски денови.***

## НОВ СЕКРЕТАР НА МФС

Од 4. 11. 2003, функцијата секретар на факултетот ќе ја обавува дипл. правник Сузана Насковска.

***Искрени честитки и желби за понатамошно напредување во кариерата***

## ИЗЛЕТ

На ден 18. 10. 2003 беше организирана посета на излетничкото место Крушино. При тоа се посетија и манастирот Света Пречиста и Кнежинскиот манастир. Со оглед на тоа што во излетот зедоа учество само 20-тина вработни, се надеваме на поголема посетеност во иднина.

## АНТИВИРУС СОФТВЕР

Во текот на месец Октовмри се изврши инсталирање на лиценцираниот антивирус софтвер Софос. Подетални информации кај вработените во Сметачкиот Центар.

## ИНФОРМАЦИЈА ОКОЛУ E-MAIL

Ве замолуваме редовно да ги отстранувате прочитаните пораки од серверот ереб1 кој во спротивно се преоптоварува и не може да ги прима новите пораки.

## Е С Т И Е М

Од 27-30 септември на МФ, ЕСТИЕМ Скопје го организираше настанот **Regional Coordination Meeting Skopje.** На состанокот, покрај домаќините - студентите од Насоката за Индустриско инженерство и менаџмент на МФС, учествуваа студенти-членови на ЕСТИЕМ (16 гости), од Универзитети од регионот кои студираат во областа на Индустриското инженерство и менаџментот: Yildiz Teknik Üniversitesi Istanbul, Bogazici Üniversitesi Istanbul, Istanbul Teknik Üniversitesi (ITU Isletme Fakultesi) Istanbul, Bilkent Üniversitesi Ankara, METU (Middle East Technical University) Ankara, Technical University of Sofia.

Целта на состанокот беше да се подобри соработката меѓу студентите од Универзитетите од овој регион. Работата се одвиваше низ работни групи и неколку презентации на активностите на ЕСТИЕМ. Дел од настанот беше и посета на Скопска Пивара. Настанот беше позитивно оценет од сите учесници, а тука произлезе и иницијативата да се формира мрежа од овие Универзитети и идна поширока соработка на различни проекти, размена на студенти и наставен кадар итн.

## СПОРТ

Започна универзитетската лига во кошарка и пинг понг.

Студентите од АК "Студентски автоспорт" на 02.11.2003 ќе учествуваат на завршната трка која ќе се вози во Скопје.

***Многу успех и да ги бодриме заедно!***

## О Т С У С Т В А

1. Поради учество на Меѓународниот симпозиум за корисниците на ЦФД - софтверски пакет ФЛУЕНТ, кој се одржа на 16 и 17.10.2003 година во Истанбул, Турција и на кој имаат пријавени реферати, беа одобрени службени патувања за следниве наставници и соработници: проф. д-р Александар Ношпал, проф. д-р Предраг Поповски, проф. д-р Звонимир Костиќ, доц. д-р Лазе Трајковски, доц. д-р Валентини Стојковски, асс. м-р Зоран Марков, проф. д-р Илија Петровски, асс. м-р Ристо Филкоски, проф. д-р Јован Лазарев, доц. д-р Јасмина Чалоска и асс. д-р Димитри Козинаков.

2. Проф. д-р Делчо Јованоски во период од 1 до 7.10.2003 година, оствари работна средба со колегите од Аристотел Унивезитетот во Солун со цел продолжување на активностите на Темпус проектот.

3. Проф. д-р Марко Серафимов, на покана од организаторот на Меѓународната школа за вентилација и климатизација, реализира службено патување во Бугарија од 11 до 18.10.2003 год.

4. Поради учество на 11 Симпозиум на термичарите кој се одржа на Златибор,во период од 1 до 4.10.2003 година, одобрени се службено патување во Србија и Црна Гора на проф. д-р Александар Ношпал, проф. д-р Звонимир Костиќ и доц. д-р Валентино Стојковски.

5. Асс. м-р Ана Лазаревска оствари студиски престој на Одделот за биомеханика на Универзитетот во Фиренца, Италија во период од 5 до 12.10.2003 година.

6. Проф. д-р Миле Димитровски, реализира службено патување во Сарајево, Босна и Херцеговина поради учество на Меѓународната конференција за користење природен гас, која ќе се одржи од 11 до 15.10.2003 година.

7. Проф. д-р Константин Димитров од 19 до 24.10.2003 год. учествуваше на конференција на ЕБРД и УНЕЦЕ ЕЕ21 која се одржа во Софија за енергетска ефикасност и борба против енергетската сиромаштија.

## КАЛЕНДАР И ПОТСЕТНИК

**30.10.2003**
**33 СЕДНИЦА НА ННС**

**27.11.2003**
**34 СЕДНИЦА НА ННС**

**СЕДНИЦА НА УПРАВА ВО ВТОРНИЦИТЕ**
**ПРЕД ННС ПО ПОТРЕБА**

***ИНФОРМАТОРОТ ИЗЛЕГУВА СЕКОЈ ПОСЛЕДЕН ЧЕТВРТОК ВО МЕСЕЦОТ И ПО ПОТРЕБА.***

**Техничко уредување:**

*Тони Манџуковски*
*Борис Рошков*